# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | Министерство за правда |
| Назив на предлогот на закон: | Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за матична евиденција |
| Одговорно лице и контакт информации: | Јасна Пецевска, Раководител на Одделение за управни работи моб. тел. 076/ 456 103 |
| Вид на Извештај | ☒Нацрт<br>☐Предлог |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | ☒Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија<br>☐НПАА<br>☐Заклучок на Владата на Република Македонија☐Друго: |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ | Не |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации | ☐Да<br>☒Не |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | Декември 2021 година |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација: | Декември 2021 година |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација: | |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | Декември 2021 година |

## 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот

1 *Опис на состојбите :*

Со донесување на измената и дополнувањето на законот за матична евиденција се уредува матаријата на:

- Воспоставување на постапки за упис на дете, брак, смрт, водење постапки за исправка на податоци во матичните книги по електронски пат преку националниот портал за електронски услуги и националната платформата за интероперабилност со употреба на средство за електронска идентификација.
- Размена на пријавите за раѓање, потврдата за смрт, судски решенија, решенија на центрите за социјални работи и други органи во форма на електронски документ по електронски пат преку националната платформа за интероперабилност.
- Давање можност поведувањето на постапка во електронска форма да биде преку посредник за административни услуги за електронски пат согласно прописите од областа на електронско управување и електронски услуги.

Во постоечкиот закон за матична евиденција не постои правна рамка за е-услуги во однос на поднесување на барања за управни постапки и достава на доказите од страна на граѓаните по електронски пат.

Законот за матична евиденција („Службен весник на Република Македонија“ број: 8/95, 38/2002, 66/2007, 98/2008, 67/2009, 13/13, 43/14, 148/15, 27/16 и 64/2018) го регулира внесувањето на податоците, водењето на матичните книги, како и промената или исправката на податоци во матичните книги и издавањето на изводи и уверенија од матичните книги.

Членот 28-в од Законот за матична евиденција предвидува издавање на изводи по електронски пат со електронски потпис согласно закон на физички и правни лица.

Но, овој закон не обезбедува постапка за запишување на новороденче во МКР, постапка за запишување на склучен брак, постапка за пополнување записник за склучување брак, постапка за запишување смрт по електронски пат, ниту пак постапка за исправка на податоци во матичните книги по електронски пат, со што странките целосно електронски би ги повеле овие постапки и би ги доставиле потребните докази во електронска форма во Управата за водење на матичните книги.

Со предложените законски одредби се предлага дополнување и уредување на постапките кои се водат во Управата за водење на матичните книги согласно закон во оваа насока.

Во време кога стратешки приоритети на Владата на Република Северна Македонија но и на Управата за водење на матичните книги е целосна дигитализација на процесите и записите, постои недостиг на законска основа која ќе ги регулира постапките за водење на е-услуги во Управата за водење на матичните книги.

Граѓаните на Република Северна Македонија во овој момент потребно е за сите овие постапки да одат на шалтерите на Управата и да ги поднесат нивните барања во хартиена форма на однапред предвден образец и да ги достават неопходните докази во хартиена форма. Согласно постоечкиот закон за матична евиденција дозволено е издавање на изводи од матичните книги во електронска форма потпишани со дигитален сертификат но исто така овозможено е и аплицирање за издавање изводи и уверенија на електронскиот портал за матична евиденција.

При изготвувањето на предложените законски одредби се врши имплементација на регулативата EIDAS во Законот за матична евиденција, како и имплементација на REGULATION (EU) No 910/2014 OF THE EUROPEAN PARLIAMENT AND OF THE COUNCIL on electronic identification and trust services for electronic transactions in the internal market and repealing Directive 1999/93/EC во врска со воведување и имплементирање на електронски услуги во постапките кои произлегуваат од законот за матична евиденција.

*1.2 Причини за проблемите кои се предмет на разгледување*

1. Усогласување на Регулативата EIDAS со Законот за матична евиденција како и имплементација на REGULATION (EU) No 910/2014 OF THE EUROPEAN PARLIAMENT AND OF THE COUNCIL on electronic identification and trust services for electronic transactions in the internal market and repealing Directive 1999/93/EC во врска со воведување и имплементирање на електронски услуги во постапките кои произлегуваат од законот за матична евиденција.

## 2. Цели на предлог регулативата

Основна цел на предложените измени и дополнувања на Законот за матична евиденција е:

- Воспоставување на постапки за упис на дете, брак, смрт, исправки на податоци во матичните книги по електронски пат преку националниот портал за електронски услуги и националната платформата за интероперабилност со употреба на средство за електронска идентификација.
- Размена на пријавите за раѓање, потврдата за смрт, судски решенија, решенија на центрите за социјални работи и други органи во форма на електронски документ по електронски пат преку националната платформа за интероперабилност.
- Давање можност поведувањето на постапка во електронска форма да биде преку посредник за административни услуги за електронски пат согласно прописите од областа на електронско управување и електронски услуги

## 3. Можни решенија (опции)

*3.1 Опис на решението „не прави ништо“*

Доколку остане постојното законско решение, состојбата со констатираните проблми ќе остане иста:

- Нема да се овозможи поднесување на барања во електронска форма од страна на граѓаните на РСМ во постапките за запишување на деца, брак, смрт во матичните книги и нема да се овозможи иницирање на управни постапките за исправки на податоци во матичните книги во електронска форма.
- Ова решение значи да не се донесе предложениот Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за матична евиденција.

*3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот*

Регулаторна мерка: Да се донесе Предлог Законот со што ќе се уреди материјата на: вградување на решенија базирани врз меѓународните стандарди во оваа област, и тоа особено следниве документи:

- Европска рамка за интероперабилност транспонирана преку Закон за електронско управување и електронски услуги

- REGULATION (EU) No 910/2014 OF THE EUROPEAN PARLIAMENT AND OF THE COUNCIL on electronic identification and trust services for electronic transactions in the internal market and repealing Directive 1999/93/EC Директивата (ЕУ) 2017/1371, транспонирана преку Закон за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги

- Закон за централен регистар на население во кој се транспонирани стандардите за квалитет на податоци како и стандардите за интероперабилни формати во кои се водат бази на податоци.

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата

*Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:*

*4.1 Економски влијанија*

| *Мерка* | *Позитивно влијание* | *Негативно влијание* |
|---|---|---|
| *I. Регулаторна мерка* | *Посредно ограничено позитивно влијание:*<br>*Унапредувањето на регулативата која ја уредува постапката за воведување на дополнителни е-услуги како и спроведувањето на нерегулаторна мерка за промена во електронскиот матичен регистар на Управата за водење на матични книги.* | *Нема* |
| *II. Комбинација на регулаторна и нерегулаторна мерка* | *Посредно позитивно влијание:*<br>*која ја уредува постапката за воведување на дополнителни е-услуги како и спроведувањето на нерегулаторна мерка за промена во електронскиот матичен регистар на Управата за водење на матични книги* | *Нема* |

*4.2 Фискални влијанија*

| *Мерка* | *Позитивно влијание* | *Негативно влијание* |
|---|---|---|
| *I. Регулаторна мерка* | *Има фискални импликации кои не се поголемни од позитивните ефекти* | *Нема* |
| *II. Комбинација на регулаторна и нерегулаторна мерка* | *Има фискални импликации (кои не се поголемни од позитивните ефекти) а се однесуваат на извршување на промена во електронскиот портал на Управата за водење на матичните книги.*<br><br>*Јакнење на капацитетите на Управата за водење на матични книги (работилници и советувања) ќе се спроведе со странски донации.* | *Нема* |

*4.3 Социјални влијанија*

| *Мерка* | *Позитивно влијание* | *Негативно влијание* |
|---|---|---|
| *I. Регулаторна мерка* | *Посредно ограничено позитивно влијание:* *Унапредувањето на регулативата која ја уредува постапката за воведување на дополнителни е-услуги во насока на имплементација на европски директиви и регулативи поврзани со дигитализација на административни услуги, а во насока на подобрување на достапноста на услугите кон граѓаните.* | *Нема* |
| *II. Комбинација на регулаторна и нерегулаторна мерка* | *Посредно позитивно влијание:* *Унапредувањето на регулативата која ја уредува постапката за воведување на дополнителни е-услуги како и спроведувањето на нерегулаторна мерка за промена во електронскиот матичен регистар на Управата за водење на матични книги до одреден степен ќе предизвика подобрување на состојбите во работната и социјалната сфера.* | *Нема* |

*4.4 Влијанија врз животната средина*

| *Мерка* | *Позитивно влијание* | *Негативно влијание* |
|---|---|---|
| *I. Регулаторна мерка* | *Посредно ограничено позитивно влијание:* *Унапредувањето на регулативата која ја уредува постапката за е- услуги во Управата за водење на матичните книги со што до одреден степен ќе предизвика подобрување на состојбите со животната средина.* | *Нема* |
| *II. Комбинација на регулаторна и нерегулаторна мерка* | *Посредно позитивно влијание:* *Унапредувањето на регулативата која ја уредува постапката за воспоставување на е-услуги при запишување на новороденче, запишување на податоци за склучен брак и запишување на смрт* | *Нема* |

*4.5 Административни влијанија и трошоци –*

а) трошоци за спроведување

Се предвидуваат трошоци кои произлегуваат од:

- Надградба на електронскиот портал за матична евиденција заради имплементација на сервиси во електронскиот матичен регистар со цел воведување дополнителни е-услуги за граѓаните и

б)трошоци за почитување на регулативата:

- Спроведување на тренинзи и работилници за јакнење на капацитетите на Управата за водење на матични книги за примена на одредбите на Законот.

## 5. Консултации

*5.1 Засегнати страни и начин на вклучување*

Засегнатите страни како и сите останати институции и граѓани ќе се вклучат во јавна дебата преку користење на електронски интерактивни алатки достапни на порталот ЕНЕР (www.ener.gov.mk).

5.2. *Преглед на добиените и вградените мислења*

Ќе бидат побарани и вградени мислења од Секретаријатот за законодавство, Министерството за информатичко општество и администрација и Секретаријат за европски прашања.

*5.3 . Мислењата кои не биле земени предвид мислењето:*

По истекот на 20 дена од поставувањето на Нацрт-извештајот за ПВР и Предлогот на закон на ЕНЕР, ќе бидат побарани мислења од Секретаријатот за законодавство, Секретаријатот за европски прашања и Министерството за информатичко општество и администрација.

## 6. Заклучоци и препорачано решение

*6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)*

I. Регулаторна мерка:

Посредно ограничено позитивно економско и социјално влијание, како и посредно ограничено позитивно влијание врз животната средина. Предизвикува фискални влијанија, кои се однесуваат на извршување на промена во софтверските решенија заради имплементација на сервиси за дополнителни е-услуги за граѓаните.

Негативното влијание: Нема.

II. Комбинација на регулаторна и нерегулаторна мерка

Посредно ограничено позитивно економско и социјално влијание, како и посредно ограничено позитивно влијание врз животната средина.

Предизвикува фискални влијанија кои се однесуваат на извршување на промена во софтверските решенија заради имплементација на сервиси за дополнителни е-услуги за граѓаните во електронскиот матичен регистар.

Негативното влијание: Нема.

*6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)*

I. Регулаторна мерка

Ризик: Има : Произлегува од непознавање на материјата и ниската свест за целосно дигитализирано водење на управните постапки во Управата за водење на матичните книги доколку не се спроведуваат работилници и советувања за јакнење на капацитетите и знаењата на вработените во Управата за водење на матични книги;

II. Комбинација на регулаторна и нерегулаторна мерка

Ризик: Нема

*6.3 Препорачано решение со образложение*

Се препорачува следното решение:

II. Комбинација на регулаторна и нерегулаторна мерка:

- Донесување на Предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за матична евиденција;

- Надградба на електронскиот портал на Управата за водење на матичните книги заради имплементација на сервиси за дополнителни е-услуги за граѓаните.

- Јакнење на капацитетите на Управата за водење на матични книги преку работилници и тренинзи.

Образложение:

Препорачаното решение има посредно позитивно економско и социјално влијание, како и посредно позитивно влијание врз животната средина. Има фискални импликации кои се однесуваат на извршување на промена во електронскиот портал на Управата за водење на матичните книги заради имплементација на сервиси за дополнителни е-услуги за граѓаните. Тие се помали од позитивните ефекти кои се очекуваат.

Негативното влијание: Нема.
Нема ризик.

## 7. Спроведување на препорачаното решение

*7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области.*

- Дополнително ќе се утврдува потребата;

*7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување:*

- Подзаконски акт за начинот на водење на управните постапки во електронска форма на електронскиот портал за матично работење.

Надлежна институција:
Министерство за правда на Република Северна Македонија

*7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за спроведување:*

Управа за водење на матични книги

*7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон*

- Спроведување на нерегулаторна мерка за промена во електронскиот портал на Управата за водење на матичните книги заради имплементација на сервиси за дополнителни е-услуги за граѓаните и јакнење на капацитетите на Управата за водење на матични книги преку работилници и советувања.

## 8. Следење и евалуација

*8.1 Начин на следење на спроведувањето :*

Се предвидува надзорот над примената на одредбите од предложениот закон да го врши Управата за водење на матични книги. Се предвидува информации за примената на предложениот закон.

*8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови*

Евалуацијата на ефектите од предлог на законот ќе се врши во континуитет.

## Изјава од државен секретар

**Нацрт Извештајот за проценка на влијанието на регулативата е изготвен во согласност со Методологијата за проценка на влијанието на регулативата. Тој дава реална проценка на можните влијанија и очекуваните ефекти, како и трошоците кои се однесуваат на секоја од утврдените можни решенија (опции) за решавање на проблемот.**

**Датум:_____________** ..............................................

**потпис на државниот секретар**

**Изјава од министерот**

**Врз основа на резултатите од анализите прикажани во Извештајот за проценка на влијанието на регулативата сметам дека препорачаното решение (опција) претставува најдобар начин за решавање на проблемот и постигнување на очекуваните ефекти на најекономичен начин.**

**Датум:** 29-11-2021 ..............................................

**потпис на министерот**

**Изготвил: Јасна Пецевска, раководител на одделение**